РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
Су.бр.122/2021
27.01.2021 година
ШТИП

Претседателот на Апелационен суд во Штип Корнелија Давчева врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за работни односи(Сл. Весник на РМ 167/15) в.в. со чл.3 од ЗИД на Законот за работни односи (Сл.весник на РМ бр.120/18) и чл. 35 од Правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Штип 0201Су.бр.1302/2018 од 21.12.2018 година, Правилник за изменување на правилникот за систематизација на работни места во Апелационен суд Штип Су.бр.954/20 од 25.11.2020 година и известувањето на Министерството за финансии бр.18- 8182/2 од 16.12.2020 година в.в со известувањето на Министерството за финансии бр.18-399/2 од 20.01.2021 година, по објавениот јавен оглас бр.4/20, за вработување на Хаусмајстор на неопределено работно време, еден извршител,на ден 27.01.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
за избор на кандидат

По Јавниот оглас бр.4/20, за работното место „Хаусмајстор"- еден извршител, на неопределено работно време во Апелационен суд Штип, СЕ ИЗБИРА кандидатот Дарко Колев, ул.„Гоце Делчев " бр. 28 од Свети Николе.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиената согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.08- 1320/3 од 16.12.2020 година Апелационен суд во Штип објави оглас бр. 4/20, заведен под Су.бр.1083/20 од 25.12.2020 година за вработување на „Хаусмајстор" - еден извршител на неопределено работно време, а в.в со известувањето на Министерството за финансии бр.18-399/2 од 20.01.2021 годин.Огласот беше објавен. во дневните весници "Слободен печат " и "Кохаа" на 28.12.2020 година.

На објавениот оглас бр.4/20 се пријави еден кандидат и тоа Дарко Колев од Свети Николе.

Претседателот на Апелационен суд во Штип, откако ја разгледа поднесената пријава на кандидатот утврди дека истата е навремена,а кандидатот ги исполнува сите општите и посебните услови кои се барале во огласот бр.4/20 и тоа:Уверение за Државјанство, Извод од МК на родените, Лекарско уверение, потврда дека не ми е изречена мерка "забрана на вршење професија дејност или должност", Диплома за завршено средно образование и Доказ за работно искуство, до колку има, а приложи и сертификат за ложач на парни котли.

Претседателот на судот имајки ги во предвид пријавата и документацијата на кандидатот одлучи на објавениот јавен оглас бр.4/20 за работното место „Хаусмајстор“ на неопределено работно време да биде избран единствениот кандидат Дарко Колев од Свети Николе ул. „Гоце Делчев“ бр. 28.

Избраниот кандидат ќе стапи на работа по склучување на договор за вработување.

Од горенаведените причини, а согласно 22 и чл.23 од Законот за работни односи(Сл. Весник на РМ 167/15) в.в. со чл.3 од ЗИД на Законот за работни односи (Сл.весник на РМ бр.120/18) и чл. 35 од Правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Штип 0201Су.бр.1302/2018 од 21.12.2018 година, Правилник за изменување на правилникот за систематизација на работни места во Апелационен суд Штип Су.бр.954/20 од 25.11.2020 година, известувањето на Министерството за финансии бр.18- 8182/2 од 16.12.2020 година в.в со известувањето на Министерството за финансии бр.18-399/2 од 20.01.2021 година, се одлучи како во изреката на оваа одлука.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП 27.01.2021 година

Претседател на судот
Корнелија Давчева с.р.